**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

Маргарита М. Матлиевска

# УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

докторска дисертација

Скопје, 2006 година

**М е н т о р:** Д-р Цветко В. Смилевски, редовен професор на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

**Ч л е н о в и  н а  К о м и с и ј а т а :**

Д-р Цветко В. Смилевски, редовен професор
Д-р Тодор Кралев, редовен професор
Д-р Илија Тодоровски, редовен професор
Д-р Панде Лазаревски, редовен професор
Д-р Мирјана Борота - Поповска, редовен професор

Научна област на која што се стекнува докторатот: **Менаџмент**

# УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Абстракт**

Одржливиот развој му нуди на човештвото квалитативен развој, развој во кој се избалансирани човечките со природните вредности, развој кој е модел за праведен и напреден свет. Тоа подразбира врамнотежување на економските, социјалните и целите за заштита на животната средина и нивно интегрирање секогаш кога тоа е можно преку креирање на политики и практики кои взаемно се поддржуваат. Поаѓајќи од фактот дека во овој момент не се назира друга концептуална теорија која може поквалитетно да ги ситуира интересите на сите општествени чинители, современата научна јавност со особен интерес ја третира оваа проблематиката. Токму затоа, одржливиот развој се наметнува како концепт којшто ќе ја определува иднината на современото човеково општество, а негова најсилна страна е принципот на интегралност.

Предмет на истражување беа документите усвоени на конференциите организирани од страна на Организацијата на Обединетите нации, договорите со кои се конституира Европската унија и кои ја определуваат насоката на нејзината генерална политика, како и актуелните состојби во Република Македонија во поглед на целокупната организација на општеството во постигнувањето на стратешките задачи (со особен нагласок на поставеноста на органите и телата на државната администрација, осмисленоста и начинот на нивното функционирање и др), можностите за водење политика на одржливост на развојот, изразено особено преку истражување на Уставот и законите на Република Македонија, изработените стратешки развојни документи по поединечни области, економските инструменти за финансирање на заштита на животната средина, и др.

Опфатот на трудот се протега од разработка на концептуалните аспекти на одржливиот развој, неговите генеза и историјат, потребата од изработка на национална стратегија за одржлив развој, начинот на кој Европската унија гради политика на одржливост на развојот, можностите за остварување на одржлив развој во Република Македонија, за да, преку елаборација на клучните чекори за одговорно управување со процесот на изготвување стратегии за одржлив развој, понуди модел за нејзино развивање, модел кој во потполност одговара на задачите на стратешкиот развој.

Понудениот модел

- Овозможува интеграција на економските, социјалните и целите на животната средина, и воспоставува рамнотежа помеѓу сектори
- Обезбедува широко учество и партнерство
- Обезбедува национален печат и посветеност
- Овозможува континуитет на националниот стратешки процес на одржлив развој.

Во него е дефинирана организациската структура, временската динамика, определени се начините на комуникација, а предложени се: стратешката и проектната цел, специфичните цели и очекуваните резултати, главните заинтересирани страни, профилот на меѓународните и локалните консултанти, како и активностите.

**Клучни зборови:** одржлив развој, стратешко планирање, усогласување на политики, изработка на Национална стратегија за одржлив развој.

# MANAGEMENT OF THE PROCESS OF DEVELOPING THE NATIONAL STRATEGY FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA


## Abstract

Sustainable development offers the mankind qualitative development, i.e. development in which human values are balanced with natural ones, a development which is a model for a fair and progressive world. This assumes balancing of economic, social and environmental goals and their integration whenever it is possible, through creation of mutually supportive policies and practices. Based on the fact that at this moment there are no notions of another conceptual theory that could better settle the interests of all social stakeholders, the modern scientific community treats this matter with special interest. For this reason, the sustainable development concept has emerged as a concept to determine the future of modern human society, with integrity being its strongest point.

The subject of research focused on documents adopted at conferences organized by the United Nation's Organization, Treaties constituting the European Union and determining the directions of its general policy, as well as the current conditions in the Republic of Macedonia in terms of the overall organization of the society towards the achievement of strategic objectives (with particular accent on the organization of the bodies of the state administration, the rationale and the manner of their functioning, etc.), the possibilities to manage policy of sustainability of development, reflected especially in the exploration of the Constitution and the laws of the Republic of Macedonia, developed strategic development documents by individual areas, economic instruments for environmental protection financing, etc.

The scope of the work includes elaboration of conceptual aspects of sustainable development, its genesis and background, the need for developing a national strategy, the manner in which the European Union has built the policy of sustainability of development, possibilities for achieving sustainable development in the Republic of Macedonia, and through elaboration of the key steps in the responsible management of the process of developing strategies for sustainable development, it will offer a model for its development, as a model fully compliant with the objectives of strategic development.

The proposed Model

- Enables integration of economic, social and environmental goals and establishes cross-sectors balance
- Enables wide public participation and partnership
- Provides national notion and devotion
- Facilitates continuity of the national strategic process of sustainable development.

The Model defines the organizational structure, the time schedule, the ways of communication, and suggests: strategic and project goal, specific objectives and expected outputs, the main stakeholders, the profile of international and local consultants, as well as activities.

**Key words:** Sustainable Development, Policies Compliance, Development of the National Strategy for Sustainable Development.

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 13

**I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... 15

**1. Оправданост на истражувањето** ..... 15
**2. Цели на истражувањето** ..... 17
**3. Очекувани резултатите од истражувањето** ..... 18
**4. Корисници на резултатите од истражувањето** ..... 20
**5. Предмет на истражувањето** ..... 20
**6. Хипотези на истражувањето** ..... 22
Генерална хипотеза ..... 22
Посебна хипотеза 1 ..... 22
Посебна хипотеза 2 ..... 23
**7. Методи и техники на истражувањето** ..... 24

**II. ТЕОРЕТСКО-КОНЦЕПТУАЛНИ АСПЕКТИ** ..... 26

**1. Концептуализација на одрживиот развој** ..... 26
1.1 Вовед ..... 26
1.2 Што е одржлив развој? ..... 26
Дефиниции за одржлив развој ..... 26
Тековна филозофија ..... 27
а) економски растеж ..... 29
б) длабока екологија ..... 31
в) одржлив развој ..... 33
1.3 Теории за димензиите на одржливоста ..... 34
1.4 Принципи и суштина на концептот на одрживиот развој ..... 39
1.5 СУМАРИУМ ..... 42
**2. Развој на концептот на одрживиот развој** ..... 44
2.1 Генеза и историјат на концептот на одрживиот развој ..... 44
- До Стокхолм, 1930-1972 ..... 44
- Од Стокхолм до Рио, 1972-1992 ..... 46
- Рио де Жанеиро, 1992 ..... 50
- Рио + 5, Њујорк, 1997 ..... 60
- Монтереј, 2002 ..... 61
- Јоханесбург, 2002 ..... 63

2.2 Дали е можен одрживиот развој? ..... 67
2.3 Индикатори на одрживиот развој ..... 68
- Општо за индикаторите ..... 68
- Индикаторите за одржлив развој и ООН ..... 71

2.4 Образование за животна средина и одржлив развој ..... 76
2.5 Транзицијата и одржливоста ..... 80
- Што е транзиција? ..... 81
- Транзицијата и одржливиот развој ..... 82
- Влијанието на транзицијата врз одржливоста на развојот ..... 84

2.6 СУМАРИУМ ..... 88

**3. Одржливиот развој и потребата од стратешки одговор** ............ 92
3.1 Што е стратешко управување?.................................................. 92
3.2 Значењето на стратешкиот пристап .......................................... 93
3.3 Природа на стратегиите за одржлив развој ............................... 95
3.4 Клучни начела кон кои стратегиите треба да тежнеат .............. 97
Насоченост кон луѓето ......................................................... 97
Консензус кон долгорочна визија.......................................... 97
Оппширност и интегративност .............................................. 98
Насоченост со јасни буџетски приоритети ............................ 98
Базираност врз опширни и сигурни анализи ......................... 98
Мониторинг, учење и подобрување ...................................... 99
Раководење од страна на самата земја и сопственост на нацијата........................................................................... 99
Државна посветеност на високо ниво и влијание на водечките институции ........................................................................... 99
Градење врз постоечки механизми и стратегии .................. 99
Ефективна партиципација ................................................. 100
Поврзаност на националното и локалното ниво ................ 100
Развој и градење врз постоечките капацитети .................. 101
Вградување на ефективни системи за преговарање и управување со конфликти ................................................. 101
3.5 Искуства од практиката........................................................... 103
3.6 СУМАРИУМ............................................................................... 104
**4. Управување со изработката на Национална стратегија за одржлив развој** ........................................................................................ 107
4.1 Клучни чекори за започнување и управување со процесот на изработка на стратегијата за одржлив развој .......................... 107
Почетно определување на опфатот .................................. 108
Политичка посветеност на повисоките нивоа .................... 115
Национална иницијатива .................................................... 117
Национален печат.............................................................. 118
Вештини на вклучените .................................................... 119
а) оние кои ќе управуваат со стратешкиот процес ......... 119
б) оние кои ќе ја преземат стратешката анализа............ 120
Потребни капацитети ........................................................ 121
Идентификување на претставници на заинтересираните страни ......................................................................................... 123
Разјаснување на улогите на клучните учесници ................ 124
а) централна власт......................................................... 125
б) локална власт............................................................. 125
в) останати заинтересирани страни............................... 126
Идентификација и анализа на постоечките документи од стратешка природа............................................................ 128
4.2 Промоција на стратегијата...................................................... 129
4.3 Потребни анализи .................................................................. 131
4.4 СУМАРИУМ.............................................................................. 135

**III. ОСТВАРУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ** .................................. 137
**1. Одрживиот развој и Европската Унија** .................................... 137
1.1 Вовед ........................................................................................ 137
1.2 Вграденост на одредби за одржливиот развој во договорите со кои се конституира и кои ја определуваат насоката на генералната политика на Европската Унија ................................................ 139
1.3 Финансирањето на одржливиот развој во Европската Унија 145
Структурните фондови како поддршка на одржливиот развој ........................................................................................ 147
Важноста на прашањето за Република Македонија ........... 149
1.4 Стратегиите за одржлив развој и Европската Унија ............ 152
Стратегија за одржлив развој на Европската Унија............ 152
Опфат на неколку национални стратегии за одржлив развој на земјите-членки на Европската Унија ............................. 158
1.5 Тела за одржлив развој во земјите членки на Европската Унија........................................................................................ 161
1.6 Обврската на Република Македонија за изработка на Национална стратегија за одржлив развој која произлегува од пристапувањето кон Европската Унија ............................................................... 168
1.7 СУМАРИУМ ........................................................................... 171
**2. Нормативни претпоставки за одржлив развој во Република Македонија** ............................................................................. 174
2.1 Устав на Република Македонија ............................................ 174
2.2 Закони од областа на заштита на животната средина ............ 177
Закон за животна средина ................................................ 177
Закон за заштита на природата ......................................... 184
Закон за управување со отпадот ....................................... 187
Закон за квалитет на амбиентниот воздух ......................... 188
Предлог-закон за води ...................................................... 188
2.3 Закони од социјалната сфера ................................................ 190
Закон за работни односи .................................................. 190
Закон за социјална заштита ............................................... 191
Закон за здравствена заштита ........................................... 192
2.4 Закони од економската сфера ................................................ 192
Закон за енергетика ......................................................... 193
Закон за минерални суровини ........................................... 195
Закон за заштита на потрошувачите ................................. 196
Закон за заштита на конкуренцијата ................................. 197
2.5 Други закони ......................................................................... 197
Предлог закон за просторно и урбанистичко планирање... 197
Закон за локална самоуправа ........................................... 198
Закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја ......................................................... 199
2.6 СУМАРИУМ ........................................................................... 200
**3. Организациско - кадровска поддршка на одржливиот развој во Република Македонија** .............................................................. 205
3.1 Влада на Република Македонија ........................................... 205
3.2 Оценка на основните јавни политики .................................... 209
Регулаторна оценка на влијанијата .................................... 209
Проценка на влијанија од аспект на одржливост ................ 210

Состојба во Република Македонија ................................. 210
3.3 Собрание на Република Македонија ...................................... 219
3.4 СУМАРИУМ ......................................................................... 221
**4. Финансиски претпоставки за одржлив развој во Република Македонија** ......................................................................... 224
4.1 Во законодавството ............................................................. 224
Закон за државна помош ................................................... 224
Закон за буџетите ............................................................. 225
Закон за данок на добивка ................................................. 225
Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата ......................................................................... 225
Закон за животна средина ................................................. 226
4.2 Други давачки и олеснувања .................................................. 229
персонален данок на доход ................................................. 229
данок на добивка ............................................................... 229
акцизи ............................................................................... 231
царини ............................................................................... 231
4.3 СУМАРИУМ ......................................................................... 233
**5. Изработени документи за одржлив развој во Република Македонија** ......................................................................... 235
5.1 Концепциски приод во креирање и оживотворување на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија, 2000 ................................................................................. 235
5.2 Национална проценка за одржлив развој на Република Македонија, 2002 ........................................................................ 236
5.3 Истражувачки концепт за обезбедување аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработката на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија, 2003 241
5.4 СУМАРИУМ ......................................................................... 244
**6. Одржливиот развој во некои национални документи на Република Македонија** ......................................................................... 246
6.1 Стратешки развојни документи во поодделни области ............ 247
Национален еколошки акционен план, НЕАП 1, 1996 ........ 248
Национална проценка за одржлив развој, 2002 ................. 249
Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија, 2004 ................. 249
Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија - Развој и модернизација, 1997 ....................... 251
Национална стратегија за намалување на сиромаштија во Република Македонија, 2002 ............................................ 253
Национален здравствено - еколошки акционен план, НЗЕАП, 1999 ................................................................................. 255
Просторен план на Република Македонија, 2004 ............. 256
Стратегија за енергетска ефикасност на Република Македонија до 2020 година, 2004 ........................................................... 257
Стратегија за развој на земјоделието до 2005 година, 2001258
Стратегија на Република Македонија за интеграција во Европската Унија, 2004 ....................................................... 258
Стратегија за развој на образованието на Република Македонија, 2000 ............................................................... 259

Национална програма за развој на образованието ........... 260
Програма за поттикнување инвестиции во Република Македонија, 2003 ........................................................ 261
Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малите и средни бизниси во Република Македонија до 2012 година, 2002 ........................................................................................ 261
6.2 СУМАРИУМ ........................................................................ 262
**7. Согледувања за капацитетите на Република Македонија за одржлив развој** ........................................................................ 265
7.1 Вовед / појаснување ........................................................ 265
7.2 Презентирање на согледувањата ...................................... 267
7.3 Образованието за животна средина и одржлив развој во законодавството ........................................................................ 272
7.4 СУМАРИУМ ........................................................................ 275
**8. Преземени активности во Република Македонија за изработка на Национална стратегија за одржлив развој, 2000 - 2005** ............ 276
8.1 2000 - август 2004 година .................................................. 276
8.2 Август 2004 - јули 2005 година .......................................... 281
Содржина на Идејната скица, 2004 година ......................... 282
8.3 Септември - декември 2004 година .................................... 287
8.4 Декември 2004 - декември 2005 година .............................. 291
8.5 СУМАРИУМ ........................................................................ 295

**IV. МОДЕЛИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ИЗРАБОТКАТА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........................................................................ 297
**1. Верификуваност на хипотезите** ........................................ 297
**2. Сознанија за изработка на моделот** .................................. 307
**3. Модел за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија** .................................................. 312
3.1 Компоненти на моделот за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија ............................ 315
Цели и очекувани резултати ............................................... 315
Организациска поставеност и улога на организациските структури ........................................................................ 317
Време на реализација ........................................................ 326
Активности ........................................................................ 329
Потенцијални учесници и партнери .................................... 330
Рапортирање ...................................................................... 331
Превенирање и решавање на конфликти .......................... 331
Обезбедување квалитет и контрола на квалитет ............... 332
Критериуми за определување приоритет на акциите ......... 333
3.2 Карактеристики на лицата вклучени во изработката на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија ........................................................................................ 335

**В. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ - МЕРКИ** ........................... 337
**1. Еволуција на концептот на одржливиот развој** ......................... 337

**2. Еволуција на потребата за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија** .................................. 340
**3. Претпоставки за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија** .................................................. 343
**4. Карактеристики на моделот за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија** ........... 347
**5. Придружни мерки за остварување на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија** .................................. 349
5.1 Насоки за формирање национално советодавно тело за одржлив развој ........................................................................ 349
5.2 Насоки и принципи за утврдување национален сет индикатори за одржлив развој ........................................................ 353
**6. Други заклучоци и предлог - решенија** ........................................ 360

**ПРИЛОЗИ** ........................................................................................ 364
Прилог бр. 1: Индикатори за одржлив развој на ООН ............................... 364
Прилог бр. 2: Основа за разговор со претставници на државните и други институции ........................................................................................ 366
Прилог бр. 3: Основа за разговор со претставници на невладини организации ........................................................................................ 385

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ............................................................ 398

# ПРЕДГОВОР

Современиот развој во прогресивните општества се карактеризира со брз и динамичен општествен развој на сите полиња, што претпоставува, пред се, техничко-технолошки и економски развој, а со тоа и пораст на човековиот стандард и квалитетот на живот на граѓаните; намалено користење на природните ресурси; зголемена партиципација на граѓаните во јавниот живот; нагласена тенденција човекот да биде во фокусот на настаните; итн.

Сета таа раздвиженост се базира и е последица на еден висок степен на осмисленост, која нужно ги опфаќа и државата, и цивилниот сектор, и стопанскиот сектор, и различните невладини организации и здуженија. Сите тие во содејство имаат капацитет да постават и реализираат високи развојни цели, како што е целта постигнување на одржлив развој, за добробит на граѓаните. Интересот на јавноста за одржливиот развој во последните неколку години е извонредно голем. Човештвото се соочува со голем број избори поврзани со квалитетот на живеење и состојбата со животната средина. Секој избор кој ќе се направи ќе го детерминира светот што ќе му се остави на идните генерации. Некои избори ќе придонесат до креирање на свет во кој економските и социјалните потреби се урамнотежени со капацитетот на природните богатства и екосистемите; другите ќе доведат до свет со девастирана животна средина, во кој сиромаштијата и гладот царуваат.

Правецот на глобална одржливост треба да е вкоренет во препознавањето на јасната поврзаност на (заштитата на) животната средина и развојот. Имено, ние, луѓето, ги користиме природните ресурси во нашите секојдневни активности: јадење, пиење, облекување, користење на електронски и електрични уреди, топлење, осветлување, возење автомобили. Но кои се ефектите од нашата потрошувачка? И дали смееме да продолжиме со сегашните потрошувачки навики? Непријатно сознание е дека колку побогато станува нашето општество, толку повеќе богатства користиме и толку е поголем притисокот врз животната средина.

Очигледен проблем е капацитетот на животната средина за обезбедување на ресурсите што нам ни се потребни. Земјата е затворен материјален систем, и додека едни ресурси се обновуваат (шумите), другите се необновливи (метали, нафта, земјиште).

Друго прашање е способноста на животната средина да ги прими продуктите на нашата потрошувачка - исфрлањето на хемиски загадувачи и штетните емисии во воздухот. Затоа, она што е потребно е да се прекине поврзаноста помеѓу економскиот растеж и зголемениот притисок врз животната средина, доколку сакаме генерациите што доаѓаат да живеат во свет без деградирана животна средина. Последователно, мораме да преземеме коренити активности за да го промениме нашиот животен стил и потрошувачко однесување.

Одржливиот развој бара промени на политиките на многу сектори, а бара и нивна усогласеност. Зашто, човекот на 21 век е мудар: тој знае дека економскиот развој не е доволен за квалитетен живот на сите. Преку одржливиот развој се презема колективна одговорност за унапредување на економскиот развој, социјалната еднаквост и заштитата на животната средина на локално, национално, глобално ниво. Одржливиот развој е континуиран економски и социјален развој без исцрпување на природните ресурси, од чиј квалитет зависат човековите активности и идниот развој.

# I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За разлика од понапредните општества, општествениот развој во Република Македонија, во периодот на транзицијата, се карактеризираше со пропусти во макроекономската политика, кои резултираа во намалување на економската активност, пад на личните приходи и загуба на економски потенцијали.

Во Република Македонија, исто така, во овој период се појави силна социјална ексклузија; недостапност или намалена достапност на граѓаните кон разни услуги и добра, намалена можност за консумирање на доволно количество на храна, намалени можности за користење на здравствените и образовните услуги, итн. Освен тоа, во земјата е намалена сигурноста на граѓаните поради социоекономски причини, но и поради зголемување на криминалот, зголемените етнички тензии, итн.

Споменатите недостатоци биле евидентирани од страна на државната власт, науката и граѓаните, и како резултат на тенденцијата да се надминат овие слабости, изработени се развојни стратегии во неколку области на општествената стварност.

Но, овој напор досега не дал видливи резултати, заради тоа што овие развојни стратегии биле осмислувани во мал број на области, државната власт не се идентификувала со овие стратегии, се карактеризирале и со недоволна аналитичност и како резултат на тоа, останале неприменети во областите за кои биле донесени, односно не дале тек на развојот во односните области. На Македонија ѝ недостасува и сеопфатна развојна стратегија (или барем визија) на национално ниво.

Заради тоа, нам ни е потребно осмислување на стратегија за развој и во поединечни делови и севкупна, на национално ниво. Со оглед на тоа што светско достигнување е концептот за одржлив развој, потребно е Република Македонија да изработи и усвои Национална стратегија за одржлив развој (НСОР), што е и нејзина обврска како земја членка на Организацијата на обединетите нации (ООН) и како земја кандидат за членство во Европската Унија.

Во таа насока, во Република Македонија се започнати чекори со тоа што се преведени усвоените документи од Конференцијата за животна средина и развој (Рио, 1992), од Светскиот самит за одржлив развој (Јоханесбург, 2002), од Конференцијата на министри за животна средина и за образование (Вилнус, 2005), а изготвени се следниве документи:

- Концепциски приод во креирање и оживотворување на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија, 2000
- Национална проценка за одржлив развој на Република Македонија, 2002
- Истражувачки концепт за обезбедување аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија, 2003.

Секако, напорите треба да кулминираат со изработка на Национална стратегија за одржлив развој, како документ прифатен од страна на релевантните државни структури, со кој се утврдува патот и начините за постигнување одржливост на развојот на земјата. Едновремено, тој треба да ја отсликува филозофијата на развојот, да ја образложи развојната визија и да упатува на чекорите што водат

до аспирираната цел[1]. Јасно е дека станува збор за комплексен документ, кој меѓу другото, треба да обезбеди балансирање на клучните параметри на развојот, што развојот на земјата би го карактеризирале како можен и одржлив. Стратегијата треба да биде насочена кон луѓето, да го одразува општествениот консензус кон долгорочната визија, да е интегративна, да отсликува вистинско партнерство меѓу заинтересираните страни, и сè она со што ќе се создадат претпоставки за развојниот тренд да биде траен, долгорочен и стабилен.

Донесувањето на Национална стратегија за одржлив развој (НСОР) би требало да претставува приоритетна задача на државниот врв на Република Македонија, а научниот сектор да го даде пресудниот придонес во нејзиното обликување. Затоа овој труд претставува прилог кон моделот на организацијата на институционалните, кадровски и др. претпоставки во нејзиното обликување.

## 2. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Научна цел**:

- Научна дескрипција
- Научна интерпретација
- Научно предвидување
- Моделирање.

**Општествени цели**:

- Зголемување на способноста на државата и општеството за организација насочена кон остварување на стратешките развојни цели
- Стигнување до начините со кои може да се подобри операционализацијата на стратешките развојни цели.

## 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во трудот се востановени следниве состојби:

- Постоење на национални развојни стратешки документи во Република Македонија
- Постоење на притисок од меѓународниот фактор во изготвување и донесување на национални развојни стратешки документи
- Постоење на законски детерминирани процедури за донесување на национални развојни стратешки документи
- Степен во вклученост на сите компетентни и релевантни субјекти во изработка и донесување на постоечките национални развојни стратешки документи
- Степен на острученост на субјектите вклучени во процесот на донесување на национални развојни стратешки документи
- Степен на мотивираност на субјектите вклучени во процесот на донесување на национални развојни стратешки документи
- Степен на вграденост на елементи на заштита на животната средина и одржливоста на развојот во законодавството и

[1] “Концепциски приод во креирање и оживотворување на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија”, проф. д-р Панде Лазаревски и проф. д-р Илија Тодоровски, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2000.

изработените национални стратешки развојни документи по одделни области
- Начин на компонирање на тимовите кои ја креираат и имплементираат НСОР (лицата на власт, лицата со моќ (бизнис сектор, итн), лицата со општествено влијание (интелектуалци, итн))
- Форми на одлучување при донесување на НСОР и нејзината имплементација
- Процедури за вклучување на разните субјекти во процесот на изготвување на НСОР и нејзината имплементација
- Начини на вреднување на постигнатите резултати во процесот на изготвување на НСОР и нејзината имплементација
- Вкупна оценка на функционалноста на процесирањето на механизмите насочени кон донесување на национални развојни стратешки документи.

Во трудот се посочени излезни решенија содржани во:
- Изработка на модел за развивање на Национална стратегија за одржлив развој
- Посочување на оптималните карактеристики на човековиот фактор вклучен во изработка и донесување на НСОР, од аспект на негова острученост, комуникациски вештини, мотивираност и др
- Нудење насоки за формирање на Национален совет за одржлив развој, и
- Нудење насоки за утврдување на национален сет на индикатори за одржлив развој.

## 4. КОРИСНИЦИ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Членови и претставници на Владата и Собранието на Република Македонија, државни службеници, претставници на секторите образование/наука, на приватниот сектор, на НВО и други.

## 5. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој труд предмет на истражување беа постоечките состојби во поглед на целокупната организација на општеството во постигнувањето на стратешките задачи. Во овој контекст, најважна е државната организација односно поставеноста на органите и телата и нивните надлежности, како и останатите субјекти на политичкиот систем во кои влегуваат невладините организации, различните општествени организации и здруженија, локалната самоуправа итн. Секако, анализата се протегна и на осмисленоста и начините на функционирање на сите овие субјекти, а пред сѐ на државните, во остварување на развојните цели, што ги опфати нивната комуникација, начинот на вреднувањето и контрола на спроведувањето. Она што, исто така беше предмет на истражувањето се и нивните капацитетите за остварување на развојните цели, финансиските можности, степенот на острученост и мотивираност на целокупниот државен апарат, и друго.

Истражени се и можностите што на овој план ги нудат странските искуства.

Од материјален аспект, предмет на истражување беа законските и подзаконските акти кои ја регулираат поставеноста и начинот на делување на горенаведените политички субјекти, стратешките национални развојни документи, разните извештаи кои нудат сознанија за спремноста, знаењето и професионалноста на човековиот фактор.

За целите на трудот, меѓу другото, анализирани се:

- Уставот на Република Македонија
- Законите во Република Македонија; од една страна, разгледувани се по однос на тоа дали упатуваат на интеграција на заштитата на животната средина или на одржливост на ресорот што го регулираат, а од друга страна анализата се фокусираше и врз начинот на кој е третирано управувањето или планирање (дали е тоа системско, стратешко и сл). Во таа насока, клучни термини врз кои се темелеше пребарувањето се: одржлив развој, одржливо, одржливост, интегрирано, интеграција, усогласување, вградување, управување, планирање, стратешко, рационално, урамнотежено, балансиран)
- Закони од областа на животната средина (за животна средина, за заштита на природата, за управување со отпадот, за квалитет на амбиентниот воздух и предлогот на законот за води)
- Закони од социјалната сфера (за социјална заштита, за здравствена заштита, за работни односи, за основното образование)
- Закони од економската област (за енергетика, за минерални суровини, за заштита на потрошувачите)
- Други закони (за организација и работна на органите на државната управа, за Владата на Република Македонија, за просторно и урбанистичко планирање, за локална самоуправа, за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиени подрачја, за државна помош, за буџетите, за данок на добивка)
- Национални стратешки развојни документи (стратегиите: за намалување на сиромаштијата, за економски развој, за интеграција на Република Македонија во Европска Унија, за развој на земјоделието до 2005, Просторниот план на Република Македонија и др). Документите се согледувани од аспект на содржини за заштита на животната средина и одржливост на развојот, како и вклученоста на различните заинтересирани страни при нивното изготвување
- Договорите со кои се основа Европската Унија (дали содржат одредби за одржлив развој)
- Поединечните стратегии за одржлив развој на некои од земјите членки на Европската Унија, формираните тела за одржлив развој и Стратегијата за одржлив развој на Европската Унија
- Меѓународно усвоените документи за одржлив развој
- Капацитетите на органите на државната управа за стратешко планирање и за водење на политика за одржлив развој.

## 6. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- **Генерална хипотеза:** Република Македонија има севкупен, но не(доволно)искористен капацитет за изработка на Национална стратегија за одржлив развој и водење политика на одржливост на развојот.
- **Посебна хипотеза 1:** Република Македонија има капацитети за изработка и спроведување на Национална стратегија за одржлив развој.
  - ✓ **Поединечна 1:** Република Македонија има капацитети за изготвување на национални стратешки развојни документи.
  - ✓ **Поединечна 2:** Република Македонија има капацитети за спроведување на национални стратешки развојни документи.
  - ✓ **Поединечна 3:** Република Македонија има финансиски средства за изготвување национални стратешки развојни документи.
  - ✓ **Поединечна 4:** Република Македонија има соодветна нормативна рамка за донесување на Национална стратегија за одржлив развој.

- **Посебна хипотеза 2:** Во Република Македонија постојат соодветни предуслови за водење на политика за одржлив развој.
  - ✓ **Поединечна 1:** Во (Владата на) Република Македонија постојат механизами за усогласување на основните јавни политики (стратешко планирање и координирање), како предуслов за одржливост на развојот
  - ✓ **Поединечна 2:** Во Владата и Собранието на Република Македонија постојат тела за разгледување прашања од областа на одржливиот развој
  - ✓ **Поединечна 3:** Законодавството на Република Македонија е во функција на заштита на животната средина и постигнување одржливост на развојот
  - ✓ **Поединечна 4:** Во Република Македонија се користат економски инструменти како поддршка на политиката за заштита на животната средина и одржливиот развој
  - ✓ **Поединечна 5:** Во изработените национални стратешки развојни документи вградени се елементите на заштита на животната средина и одржливиот развој.

## 7. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

При истражувањето, користени се повеќе научни методи, како и истражувачки техники.

Од посебните научни методи на општествените науки, користени се аналитичко-синтетични методи.

Од општите научни методи користен е компаративниот метод.

Од истражувачките постапки и техники, користена е анализа на содржината на Уставот, на програмски и стратешки документи, закони, акциони планови, извештаи, одлуки, уредби, научни и стручни трудови и др, и интервју (со раководители во институциите на системот, невладините организации, деловниот сектор и др).

Преку примената на историскиот метод, направен е обид да се расветли стигнувањето до филозофијата на одржливиот развој.

Врз основа на анализа на содржините, извршено е согледување на вграденоста на одржливиот развој во нормативните акти и програмските документи на Европска Унија, како целина, и на поединечни програмски документи на некои од земјите-членки на Унијата. Анализирани се законски и подзаконски акти во Република Македонија од аспект на вграденост на одредби за одржлив развој, и од аспект на функционирање на државната управа.

Со помош на компаративниот метод се утврдува разликата во начинот на адресирање на прашањата од одржливиот развој во Европска Унија и во Република Македонија (изведено е компаративно истражување на западноевропските програмски документи).

Со статистичкиот метод се прави обид за добивање на што поегзактни податоци.

Со примена на интервју, се обидовме да ги осознаеме ставовите за капацитетите на човековите ресурси и државната власт за спроведување на политики во функција на одржлив развој. Интервјуто е реализирано во 2002 година, врз 50 испитаници, претставници на различни општествени чинители/заинтересирани страни (од државната и локалната власт, од секторот образование/наука, од секторот бизнис/индустрија, од невладини организации и граѓански здруженија и др). При изготвувањето на интервјуто, настојувано е тоа да содржи јасни, концизни, целосни, индивидуални и дискретни прашања; на некои од прашањата се понудени алтернативни одговори, а на некои испитаниците требаше сами да го наведат одговорот; одговорите се индикативни.

Истражувањето сумира и заклучоци изведени од разговорите водени лично, со преку 300 претставници на сите заинтересирани страни во период од 6 години.

На крај, применет е методот на моделирање, преку кој се дадени излезните решенија за начинот на кој Република Македонија би требало да обезбеди рамка за изготвување, донесување и имплементација на НСОР на Република Македонија, кој може да се примени и за изработка на други национални стратешки развојни документи.